План за реорганизација пречистен текст

сп. досие 7/11

ПРИМЕНО - ЕРАНДАН
Со №
27-10-2020
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

Врска: 1СТ.бр. 427/10

До
Основен граѓански суд Скопје
За стечаен судија Ирена Петрушевска

**ПРЕДМЕТ: Доставување План за реорганизација – пречистен текст за ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје**

Во прилог Ви се доставува План за реорганизација за стечајниот должник **ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје, во пречистен текст.**

Планот за реорганизација го доставувам во пречситен текст, по претходно извршени измени во делот на грејс период за исплата на плати и придонеси од последни три месеци пред отворање на стечајна постапка.

Со Одлука на Одборот на доверители од седницата одржана 23.09.2020 година, и со предложените измени дадено е позитивно мислење по предложениот текст на планот за реорганизација.

Закажано е Собрание на доверители за ден 18.11.2020 година во 13,00 часот со точка дневен ред: произнесување и гласање по план за реорганизација со негови измени.

**Прилог:** План за реорганизација за ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје во 2 (два) примерока.

**26.10.2020 год.**
**С к о п ј е**

**Стечаен управник**
**Ацо Петров**

СКОПЈЕ
во стечај

28.10.20
Р.
Да се достави во
досие за увид.

# ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

**и финансиска консолидација на должникот**

## ПЗУ ГРАДСКА АПТЕКА СКОПЈЕ

**ВО СТЕЧАЈ СКОПЈЕ**

**согласно член 215 ст.3 т.2 6 и 13 од Законот за стечај**
**(Службен весник на РМ бр. 34/06, 126/06 и 84/07)**

**пречистен текст**

**по извршени измени и дадено мислење од**
**Одборот на доверители од 23.09.2020 година**

**Подносител:**

**Октомври 2020**
**С к о п ј е**

**Ацо Петров**
**Овластен стечаен управник**

**ВОВЕД**

Приватната здравствена установа Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје, со седиште на ул.Даме Груев блок 4, локал 7, Градски ѕид Скопје е запишан во трговскиот регистар при Централен Регистар на РСМ со ЕМБС 6190650 и ЕДБ 4030006623051.

Видно од Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ, должникот е регистриран како здравствена установа со главна приходна шифра на приоритетна дејност 47.73 Аптеки.

Должникот ПЗУ Градска аптека СКОПЈЕ - Скопје е основана со Договор за основање од 20.12.2006 година, врз основа на спроведена постапка за продажба на удел во Јавната здравствена установа Градска аптека Скопје – Скопје, понуден за продажба на јавна берзанска аукција на Македонската берза на хартии од вредност на 02.06.2006 година, од страна на Министерството за економија, во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл.весник на РМ 10/2004,84/2005), Одлука на Владата на РМ за приватизација на ЈЗУ Градска аптека Скопје – Скопје(Сл.весник на РМ бр. 78/2004), Одлука на Владата на РМ за отпочнување на постапката за приватизација бр.19-1464/2 од 07.04.2006 година, и Одлуката за изменување на Одлука на Владата на РМ за отпочнување на постапката за приватизација бр.19-1464/3.

Во објавата за продажба на удел во Јавната здравствена установа Градска аптека Скопје – Скопје, вредноста на Аптеката изнесува 3.056.000,00 Евра и вредноста на уделот за продажба изнесува 2.292.000,00 Евра. Учеството на уделот за продажба во вкупната вредност на Градска Аптека изнесува 75%.

Основната главнина на Приватната здравствена установа Градска аптека СКОПЈЕ - Скопје е непаричен (предмети) и изнесува 3.056.000,00 Евра. Истата е утврдена врз основа на Проценка од овластен проценител.

Во структурата на основната главнина на Приватната здравствена установа Градска аптека СКОПЈЕ Скопје во износ од 3.056.000,00 Евра, 5% од уделот во износ од 152.800,00 Евра се отстапуваат бесплатно на вработените, 20% од уделот во износ од 611.200,00 Евра се отстапуваат под повластени услови на вработените, и 75% во износ од 2.292.00,00 Евра се продаваат на јавна берзанска аукција.

Основањето на Приватната здравствена установа Градска аптека СКОПЈЕ Скопје е запишано во трговскиот регистар и регистар на други правни лица во Централниот регистар на Република Македонија со решение од 08.02.2007 година.

Министерството за здравство на РМ на 02.04.2007 година донело решение бр.22-2595/3 со кое утврдува дека Приватната здравствена установа Градска аптека СКОПЈЕ - Скопје ги исполнува условите во однос на просторот, опремата и кадарот за вршење на фармацевтска дејност и се дава дозвола за почнување со работа од 01.03.2007 година.

На предлог на самиот должник – Приватна Здравствена Установа Градска аптека СКОПЈЕ Скопје, со Решение СТ.бр.427/10 од **01.07.2010 година** на Основниот суд Скопје 2 Скопје се поведува **претходна постапка** на постапката за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот.

Со Решение СТ.бр.427/10 од **18.10.2010** година на Основниот суд Скопје 2 Скопје, **отворена е стечајна постапка** над должникот Приватна здравствена установа Градска аптека СКОПЈЕ Скопје, со седиште на ул. Даме Груев блок 4, локал 7, Градски ѕид Скопје.

По отворањето на стечајната постапка, одржани се неколку испитни рочишта за утврдување на побарувањата на доверителите према стечајниот должник, а исто така одржано е и извештајно собрание.

По претходно донесена одлука од Собранието на доверители на рочиште одржано на 25.03.2011 година и со Решение СТ.бр.427/10 од 28.03.2011 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје се разрешува дотогашниот стечаен управник Маринко Саздовски, а за нов стечаен управник се именува Ацо Петров од Скопје.

Собранието на доверители на рочиште за поднесување на извештај (извештајно собрание) одржано на 01.07.2011 година донело одлука деловниот потфат да биде затворен (ликвидиран) и имотот на должникот да биде претворен во пари (впаричен).

Согласно Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно со законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација и Законот за стечај, (Сл.Весник на РМ бр.12 од 22.01.2014 година) во текот на стечајната постапка преку надлежниот вонпарничен суд – Основен суд Скопје 2 Скопје стечајниот управник има спроведено постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти како сопственост на стечајниот должник ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје за имот – објекти со нерегулиран правен статус, а подоцна извршил и упис во Имотен лист во Агенцијата за катастар на недвижности како сопственост на име на стечајниот одлжник.

Со овој план за реорганизација ќе биде опфатен целокупниот имот на стечајниот должник запишан во имотен лист а којшто претставува стечајна маса, и за тва цел од страна на овластен проценител е извршена и проценка на истиот.

По претходно поднесена Предлог Иницијатива од доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје за промена на одлуката од ликвидација во реорганизација на должникот, Собранието на доверители на седница одржана на 22.04.2019 година со учество на 95,252 % од доверителите носители на утврдени побарувања присутни на собранието и со право на глас, одлучи деловниот потфат на должникот да продолжи преку изготвување на план за реорганизација и се задолжува стечајниот управник Ацо Петров во рок од 30 дена од денот на добивање на решението да изготви План за реорганизација на должникот Приватна здравствена установа Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје согласно насоките и напатствијата на предлагачот Зегин ДОО Скопје.

Стечајниот судија при Основниот граѓански суд Скопје со Решение СТ.бр.427/10 од 13.02.2020 година, а по претходни напатствијата дадени со решение од Апелациониот суд Скопје по повод поднесена жалба од доверителот Зегин ДОО Скопје, одлучил:

СЕ ПРИФАЌА предлогот на доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје.

Одлуката донесена на Собранието на доверители со решение Ст.бр.427/10 од 01.07.2011 година каде што е одлучено деловниот потфат на должникот да биде затворен и ликвидиран, СЕ СТАВА ВОН СИЛА.
Се менува Одлуката донесена на Собранието на доверители со решение Ст.бр.427/10 од 01.07.2011 година каде што е одлучено деловниот потфат на должникот да биде затворен и ликвидиран.

Собранието на доверители со 95,252 % од носителите на утврдени побарувања , на седница одржана на 22.04.2019 година одлучи деловниот потфат на должникот ДА ПРОДОЛЖИ преку изготвување на план за реорганизација

СЕ ЗАДОЛЖУВА стечајниот управник Ацо Петров во рок од 30 дена од денот на добивање на решението да изготви План за реорганизација на должникот Приватна здравствена установа ГРАДСКА АПТЕКА СКОПЈЕ во стечај Скопје.

**Прилог бр.1:** Решение СТ.бр.427/10 од 13.02.2020 на Основен граѓански суд Скопје за пристапување кон план за реорганизација

Постапувајќи по решението СТ.бр.427/10 од 13.02.2020 година на стечајниот судија при Основниот граѓански суд Скопје, и одлуката од собранието на доверители од 22.04.2019 година, а во согласност со насоките и напатствијата од доверителот ЗЕГИН дадени во предлог–иницијативата поднесена од негова страна, во поднесокот за дополнување на предлог-иницијативата, како и напатствијата и смерниците дадени во Финансиско инвестиционата програма од истиот доверител, стечајниот управник изготви предлог на План за реорганизација и финансиска консолидација на стечајниот должник Приватна здравствена установа Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје, преку чиешто целосно спроведување ќе се овозможи:

- да се определи начинот на намирување на стечајните доверители (член 215 став 3 точка 6 од Законот за стечај);
- да се пренесе имотот на должникот на едно правно лице - доверителот –санатор ЗЕГИН (член 215 став 3 точка 2 од Законот за стечај);
- да се овозможи дополнително вложување од доверителот-санатор ЗЕГИН со инвестирање за реновирање/реконструкција на постојните деловни објекти (член 215 став 3 точка 13 од Законот за стечај).

Изготвувањето на овој план за реорганизација се базира на податоци превземени како напатствија и смерници од Предлог иницијативата на доверителот ЗЕГИН за промена на одлуката во оваа стечајна постапка од ликвидација во реорганизација, понатаму на Финансиско Инвестиционата програма доставена од доверителот-санатор ЗЕГИН, а исто така се базира и на финансиските показатели –проекции изготвени од најголемиот доверител и санатор Зегин ДОО Скопје, за спроведување на овој план за реорганизација со што се исполнуваат и условите за целосно намирување на побарувањата на доверителите на стечајна маса (трошоци и обврски), како и намирување на стечајните доверители во висина од 50 % од нивните утврдени побарувања.

**Прилог бр.2:** Финансиско Инвестициона програма од доверителот-санатор Зегин

Со оглед дека стечајната постапка над Приватна здравствена установа Градска Аптека СКОПЈЕ - Скопје е отворена и се води по Законот за стечај од 2006 година (Службен весник на РМ бр.34/2006), со неговите подоцнежни измени и дополненија (Службен весник на РМ бр. 126/2006 и 84/2007), во таа смисла при изготвувањето на овој План за реорганизација се применувани и одредбите од Законот за стечај од 2006 година со сите негови измени и дополнувања до 2010 година кога е отворена стечајната постапка над должникот.

Врз основа на погоре изложеното, а согласно член 216 од Законот за стечај и Решението I СТ.бр. 427/10 од 13.02.2020 година на стечајниот судија при Основниот граѓански суд Скопје, како стечаен управник на должникот го предлагам овој:

# ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

## *А/. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА*

Основна цел на планот за реорганизација на Приватна здравствена установа Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје, е да се намират доверителите во висина од 50 % од нивните утврдени побарувања, за потоа да се изнајдат начини да се обезбеди одржливо работење и развој на деловните објекти на друштвото во иднина, преку промена на целокупната филозофија на работењето, и внесување нови содржини, дејности и познати брендови, за да се постигне крајната цел - профитабилно работење.

Освен основната цел, во планот за реорганизација се предвидува и остварување на следните конкретни цели:

1. Покрај продолжување на досегашната дејност во дел од објектите со кои располага должникот, внесување нови, познати брендови од разни сектори во трговијата со здрава храна и фармацевтски производи. (на пр. производи за здрава храна, понатаму производи поврзани со фармација, и други разни препарати,козметика и др.), а во дел од објектите ќе биде организирана дејност дијагностика (лаборатории);
2. Реорганизација во работењето и финансиска консолидација, со цел да се постигне оптимизација на трошоците и зголемување на ефективноста од работењето;
3. Создавање конкурентски предности и освојување на целниот дел од пазарот во секој од наведените сектори;
4. Вложување дополнителни инвестиции за реновирање на постојните објекти, како и во развој и проширување на основната и на другите дејности;
5. Ангажирање/вработување на одреден број лица, со што не само што ќе се покачи куповната моќ на граѓаните, туку ќе се даде и поттик за развој на нови дејности и покачување на општата благосостојба на територијата на градот Скопје, каде што се лоцирани деловните објекти на должникот.

## *Б/. ДЕКЛАРАТИВЕН ДЕЛ*

### I. ПРИЧИНИ ЗА СТЕЧАЈОТ

Од страна на стечајниот управник и тимот со кого работи, констатирани се следните причини за отворање на стечајната постапка:

- лоша организациска поставеност;
- недоволно инвестирање во деловниот потфат;
- несоодветен одлив на парични средства;
- несоодветна деловна политика;
- неискористеност на капацитетите;
- неквалитетно извршување на услугите.

Најголемиот дел од причините се сведува на човечкиот фактор, односно непостоење на потребните вештини и знаење за правилно управување и раководење со Друштвото, и со самите негови ресурси и капацитети, па оттаму и лоша политика и немање визија за иден развој на фирмата.

## II. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

По отворањето на стечајната постапка над должникот Приватна здравствена установа Градска Аптека СКОПЈЕ - Скопје, а со цел да се создаде основа за задоволување на правата на учесниците во постапката, преземени се следните мерки:

- извршен е преглед на имотот;
- извршен е преглед на книгите и другата деловна документација;
- извршено е блокирање на средствата на имотот на должникот;
- известени се банките за отворената стечајна постапка;
- поштенските пратки ги добива лично стечајниот управник;
- информирани се сите деловни партнери за настанатата состојба;
- преземени се официјалните печати и штембили и направени се нови;
- отворена е нова жиро сметка (стечајна);
- изготвен е почетен стечаен биланс;
- изготвен е список на доверители;
- обработени се пријавените побарувања од доверители,
  изработена е табела-шема на утврдени и оспорени побарувања; и
- други активности за сочувување и зголемување на стечајната маса.

## III. МЕРКИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ

За да се постигнат целите кои се предвидени во планот, неопходно е во наредниот период да се превземат следните мерки и активности:

- дополнително вложување/ инвестирање;
- нова организациона поставеност;
- намалување на трошоците на работењето;
- нови односи со комитентите;
- зголемување на квалитетот на работењето;
- подобрување на дисциплината;
- нови односи со вработените; и
- други мерки.

## IV. ОСНОВНИ ЕФЕКТИ ОД ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

Како резултат на реорганизацијата и финансиска консолидација и склучувањето на потребни договори со доверителите на Приватна здравствена установа Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје, основните ефекти кои треба да се постигнат со овој план вклучуваат:

1. Исполнување на обврските кон сите доверители со утврдени побарувања во рок од најмногу пет години од правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација.

2. Намирување на доверителите во висина од 50% од нивните утврдени побарувања на начин и динамика предвидени со овој план за реорганизација.

3. Намирување и на доверителите со оспорени побарувања доколку по правосилното одобрување на овој план им биде утврдено оспореното побарување со правосилна извршна судска пресуда, на начин, во висина и динамика како и на останатите доверители со утврдени побарувања согласно овој план за реорганизација.

4. Дополнително инвестирање.

## V. НАМИРУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНИТЕ ДОВЕРИТЕЛИ

Од анализата на мерките и активностите кои треба да бидат преземени во рамките на финансиската реорганизација предвидена со планот произлегува дека се очекува доверителите да бидат намирени во висина од 50 % од утврдените побарувања во стечајната постапка.

Исто така се предвидува дека исплата на побарувањата на доверителите ќе биде извршена во период од пет години, со тоа што првите две години ќе бидат предвидени како грејс период заради реновирање и адаптирање на објектите и нивно ставање во функција.

Останатите три години ќе бидат искористени за намирување на побарувањата на стечајните доверители, со динамика: 30% од побарувањата предвидени за исплата во третата година, 30% од побарувањата предвидени за исплата во четвртата година, и 40% од побарувањата предвидени за исплата во петтата година.

Со планот е предвидено дека, сите обврски на стечајната маса, како и наградата на стечајниот управник одобрена со решение на стечајниот судија, доколку не постојат услови да бидат подмирени од стечајниот должник по правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација презема обврска да ги исплати санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје.

## ***В/. СОДРЖИНСКИ (СПРОВЕДБЕН) ДЕЛ***

## I. МЕРКИ И СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

### 1. Мерки кои ќе се преземат

Мерки кои ќе се превземат со планот за реорганизација се:

- овозможување да продолжи да функционира работењето во деловните објекти на должникот, со преземање на имотот од најголемиот доверител и санатор Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје, кој воедно ќе преземе обврска да ги намири доверителите во висина од 50% од нивните побарувања утврдени во стечајната постапка.
- ќе се создадат услови за зголемување на вредноста на имотот на должникот преку инвестирање/вложување во реновирање и ставање во функција на деловните објекти во наредниот период.
- финансиска консолидација во работењето со создавање услови за избегнување на можноста да дојде до запирање на деловното функционирање и ликвидација.
- создавање на можности за обезбедување услови преку кои ќе се создава добивка (профит) со воведување современи методи и опрема во работењето.

### 2. Средства за реализација на планот за реорганизација

Средствата за реализација на планот за реорганизација врз основа на содржинскиот дел од планот ќе бидат обезбедени со финансиска поддршка од санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје.

Доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје кој е со најголемо утврдено побарување во стечајната постапка финансиски ќе го поддржи планот за реорганизација како санатор, со тоа што ќе ги обезбеди финансиските средства потребни за продолжување на деловниот потфат-работењето во

деловните објекти на должникот во текот на постапката за реорганизација, како и по завршување на истата.

## II. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

Планот за реорганизација ќе се спроведе согласно член 215 од Законот за стечај на следниот начин:

- пренесување на правата врз имотот кој е во сопственост на должникот ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје на санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје заради реализација на планот за реорганизација (член 215 став 3 точка 2 од Законот за стечај);
- определување на начинот на намирување на стечајните доверители (член 215 став 3 точка 6 од Законот за стечај);
- дополнително вложување - нови инвестиции во деловни средства (член 215 став 3 точка 13 од Законот за стечај).

### 1. Инвестиции - Вложување

Заради успешно и целосно исполнување на планот за реорганизација, а со цел создавање услови за одвивање на дејноста во деловните објекти - недвижниот имот којшто ќе го преземе на управување/користење, а подоцна и во сопственост, доверителот-санатор Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје ќе инвестира средства во вкупен износ од 1.084.800,00 Евра.

Реализацијата на инвестициите ќе се одвива согласно динамиката дадена поконкретно во Табелата за средства кои се потребни за реновирање на деловните објекти – простории заради нивно ставање во функција прикажани во Финансиско Инвестиционата програма.

**Прилог бр.2:** Финансиско-Инвестициона програма од доверителот-санатор во која прикажана Табела за средства за реновирање на деловните објекти.

### 2. Права на доверителот – санатор

Доверителот – санатор Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје по правосилноста на решението за прифаќање и одобрување на планот за реорганизација ги има следните права кои произлегуваат од содржинскиот дел на планот, а кои се обврзувачки за другите учесници и правни лица и други државни органи:

1). ќе го преземе правото на управување и користење на недвижниот имот кој е запишан во јавните книги на име на стечајниот должник. Доколку, во постапката за реорганизација биде пронајден нов имот, доверителот – санатор Зегин го презема правото на управување и користење и на тој имот;

2). содржинскиот дел на планот за реорганизација и правосилното судско решение со кое се констатира дека планот за реорганизација е прифатен од страна на доверителите, претставува извршна исправа врз основа на која Агенцијата за катастар на недвижностите треба да изврши укнижување на правото на сопственоста на недвижниот имот во јавните книги во сопственост на стечајниот должник на име на санаторот, кога за тоа ќе бидат исполнети условите предвидени со овој план, како и новопронајдениот имот со кој евентуално ќе се стекне во иднина;

3). право да ја продолжи дејноста од деловниот потфат на должникот;

4). има право да поведува судски и управни постапки пред органите на управата, а во врска со имотот на стечајниот должник;

5). правото да спроведе или да пордолжи вече отпочната постапка за иселување на правни и физички лица кои деловниот простор сопственост на стечајниот должник го користат по било кој основ;

6). содржинскиот дел на планот за реорганизација и правосилното судско решение со кое се констатира дека планот за реорганизација е прифатен и е одобрен од страна на доверителите, претставува извршна исправа и се евидентира во Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7). доверителот – санатор Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје не одговара за обврските на стечајниот должник, врз основа на побарувања кои доверители не ги пријавиле и не се утврдени како побарувања во стечајната постапка во законскиот рок, односно не се опфатени со овој план за реорганизација, освен за побарувања утврдени со правосилна извршна судска пресуда.

## 3. Право на располагање со имотот и пренос на сопственички права

### 3.1. Право на користење/располагање со имотот

Со правосилното судско решение за одобрување на планот за реорганизација, а со цел создавање услови за реализација на истиот, на санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје МУ СЕ ПРЕНЕСУВА ПРАВОТО НЕПРЕЧЕНО ДА ГО КОРИСТИ И РАСПОЛАГА **со целокупниот недвижен и движен имот** сопственост на должникот Приватна здравствена установа Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје.

Стечајниот управник и законскиот застапник на санаторот Зегин, или од нив овластени лица, записнички ќе извршат предавање во владение на имотот заради негово непречено користење и располагање од санаторот Зегин, во рок од најмногу 15 дена од правосилноста на судското решение за одобрување на планот за реорганизација.

Во периодот на користење на имотот санаторот Зегин е должен во секое време за потреби на стечајната постапка да му овозможи на стечајниот управник непречен пристап во деловните простории- објекти предмет на користење/располагање.

Сите натамошни трошоци и обврски поврзани со користењето/располагањето со целокупниот имот со денот на преземањето на имотот преминуваат и се на товар на санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје.

### 3.2. Пренос на сопственички права

Правосилното судско решение за одобрување на прифатениот план за реорганизација претставува правен основ за пренесување на правото на сопственост и запишување на правото на сопственост на недвижниот имот во јавните книги, **по целосно спроведување на планот за реорганизација.**

Правните последици по однос на ПРЕНОС ВО СОПСТВЕНОСТ на **целокупниот недвижен и движен имот, и хартии од вредност-акции,** од должникот на санаторот ќе настанат на денот **кога согласно правосилното судско решение одобрениот план за реорганизација ќе биде целосно спроведен (реализиран), за што стечајниот управник како надзор за негово спроведување ќе поднесе посебен извештај до стечајниот судија дека планот за реорганизација е целосно спроведен, а стечајниот судија ќе донесе решение за укинување на надзорот.**

### 3.3. Опис на имотот предмет на располагање и пренос во сопственост

Предмет на пренос на правото на користење /располагање, а подоцна и пренос на правото на сопственост на санаторот ЗЕГИН согласно овој план, е целокупниот недвижен и движен имот, и хартии од вредност, запишан во јавните книги затекнат како стечајна маса на стечајниот должник,според пописот извршен од стечајниот управник, и проценката од овластен проценител, и тоа:

**<u>Недвижен имот запишан во Имотни листови при Агенција за катастар на недвижности</u>**

**Прилог бр. 3:** ИЛ бр. 47144 КО Центар 1;
ИЛ бр.101755 КО Центар 1;
ИЛ бр. 6574 КО Петровец;
ИЛ бр.95566 КО Ѓорче Петров 6;
ИЛ бр.75118 КО Карпош;
ИЛ бр. 9645 КО Карпош;
ИЛ бр. 105709 КО Кисела Вода 2;
ИЛ бр.69193 КО Драчево 1;
ИЛ бр.45094 КО Гази Баба;
ИЛ бр.40001 КО Кисела Вода 2;

**Недвижен имот запишан во ИЛ при Агенција за катастар на недвижности**

| ред бр | адреса на имот/опис | КАТАСТАРСКИ ИНДИКАЦИИ | град/ општина | катност површина | ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ | | ЛИКВИДАЦИОНА ВРЕДНОСТ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ЕУР | МКД | ЕУР | МКД |
| 1 | ул. 11 Октомври бр.125 (м.в. Рампа Кисела Вода)<br>поранешна Аптека "СОЛУН" | ИЛ бр. 47144<br>КО Центар 1<br>КП 13618 | Скопје, Центар | ПР 101 $м^2$ | 106.717 | 6.563.00,00 | 90.000 | 5.535.000,00 |
| 2 | ул. Маршал Тито бр.54 (ул. Македонија)<br>Поранешна Аптека "4 ЈУЛИ" | ИЛ бр. 47144<br>КО Центар 1<br>КП 9513 | Скопје, Центар | ПР 158 $м^2$<br>МЕ 95 $м^2$<br>ПО 128 $м^2$ | 367.809 | 22.620.100,00 | 320.000 | 19.680.000,00 |
| 3 | ул. Даме Груев бр. 4 локал 7 (Градски ѕид)<br>Поранешна Аптека "8-ми Септември" и Дирекција | ИЛ бр. 47144<br>КО Центар 1<br>КП 11913 | Скопје, Центар | ПР 202 $м^2$<br>МЕ 184 $м^2$<br>ПО 191 $м^2$ | 478.554 | 29.431.200,00 | 407.000 | 25.030.500,00 |
| 4 | бул. Партизански одреди бр.117 (нас. Тафталиџе 2)<br>поранешна Аптека "Партизанска" и Галенска лабораторија | ИЛ бр. 9645<br>КО Карпош<br>КП 1354 | Скопје, Карпош | ПР 172 $м^2$<br>ПО 81 $м^2$ | 141.027 | 8.673.200,00 | 113.000 | 6.949.500,00 |

| ед бр | адреса на имот/опис | КАТАСТАРСКИ ИНДИКАЦИИ | град/ општина | катност површина | ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ | | ЛИКВИДАЦИОНА ВРЕДНОСТ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ЕУР | МКД | ЕУР | МКД |
| | | | | | | | | |
| 5 | бул. Климент Охридски бр. 63 а<br>поранешна Аптека "ИЛИНДЕН" | ИЛ бр. 101755<br>КО Центар 1<br>КП 11925 | Скопје, Центар | ПР 74 $м^2$<br>МЕ 25 $м^2$<br>ПО 12 $м^2$<br>помошна просторија ПР 32 $м^2$ | 120.539 | 7.413.200,00 | 105.000 | 6.457.500,00 |
| 6 | ул. Битпазарска бр. 77 (Стара Чаршија)<br>поранешна Аптека "СКОПЈЕ" | ИЛ бр. 101755<br>КО Центар 1<br>КП 6407 | Скопје, Центар | ПР 131 $м^2$<br>МЕ 39 $м^2$<br>ПО 87 $м^2$ | 196.501 | 12.084.700,00 | 177.000 | 10.885.500,00 |
| 7 | ул. Крсте Мисирков бр. 1<br>поранешна Аптека "13-ти Ноември" | ИЛ бр. 101755<br>КО Центар 1<br>КП 12163 | Скопје, Центар | ПР 108 $м^2$<br>ПО 47 $м^2$ | 78.129 | 4.805.000,00 | 58.600 | 3.603.900,00 |
| 8 | ул. Цветан Димов бб<br>поранешна Аптека "ЧАИР" | ИЛ 101755<br>КО Центар 1<br>КП 1161 | Скопје, Чаир | ПР 65 $м^2$ | 16.203 | 996.500,00 | 13.000 | 799.500,00 |
| 9 | ул. Македонија бр. 16<br>поранешна Аптека "11-ти Октомври" | ИЛ 101755<br>КО Центар 1<br>КП 12057 | Скопје, Центар | ПР 130 $м^2$<br>МЕ 20 $м^2$ | 213.923 | 13.156.300,00 | 180.000 | 11.070.000,00 |
| 10 | ул. Моша Пијаде бб (Градска Болница)<br>поранешна Аптека "1-ви МАЈ" | ИЛ 101755<br>КО Центар 1<br>КП 13328 | Скопје, Центар | ПР 112 $м^2$<br>ПО 51 $м^2$ | 181.707 | 11.175.000,00 | 164.000 | 10.086.000,00 |

| ред бр | адреса на имот/опис | КАТАСТАРСКИ ИНДИКАЦИИ | град/ општина | катност површина | ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ | | ЛИКВИДАЦИОНА ВРЕДНОСТ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ЕУР | МКД | ЕУР | МКД |
| 11 | бул. Свети Климент Охридски бр. 23<br>поранешна Аптека "Св. Климент Охридски" | ИЛ 101755<br>КО Центар 1<br>КП 10070 | Скопје, Центар | ПР 39 $м^2$ | 50.489 | 3.105.100,00 | 44.000 | 2.706.000,00 |
| 12 | бул. К.Ј. ПИТУ бр. 17 (ТЦ Скопјанка)<br>поранешна Аптека "ВАРДАР" | ИЛ бр. 105709<br>КО Кисела Вода 2<br>КП 315/6 | Скопје, Аеродром | ПР 73 $м^2$ | 73.797 | 4.538.500,00 | 55.000 | 3.382.500,00 |
| 13 | Петровец м.в. Бавчи<br>поранешна Аптека "ПЕТРОВЕЦ" | ИЛ бр. 6574<br>КО Петровец<br>КП 270/2 | с. Петровец Петровец | ПР 41 $м^2$ | 5.942 | 365.400,00 | 4.800 | 295.200,00 |
| 14 | ул. Димитрие Чуповски бб<br>поранешна Аптека "ДРАЧЕВО" | ИЛ бр. 69193<br>КО Драчево 1<br>КП 8436 | Скопје, Кисела Вода | ПР 156 $м^2$ | 106.131 | 6.527.000,00 | 94.500 | 5.811.750,00 |
| 15 | ул. Ѓорче Петров бб<br>поранешна Аптека "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" | ИЛ бр. 95566<br>КО Ѓорче Петров 6<br>КП 6201/1 | Скопје, Ѓорче Петров | ПР 154 $м^2$ | 120.574 | 7.415.300,00 | 107.300 | 6.598.950,00 |

| ред бр | адреса на имот/опис | КАТАСТАРСКИ ИНДИКАЦИИ | град/ општина | катност површина | ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ | | ЛИКВИДАЦИОНА ВРЕДНОСТ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ЕУР | МКД | ЕУР | МКД |
| 16 | ул. Јани Лукровски 2 (населба Автокоманда)<br>поранешна Аптека "ЕГЕЈ" | ИЛ бр. 45094<br>КО Гази Баба КП 1067 | Скопје, Гази Баба | ПР 121 $м^2$<br>МЗ-1 54 $м^2$ | 161.802 | 9.950.800,00 | 145.600 | 8.954.400,00 |
| 17 | бул. Партизански одреди 59 (м.в. Мал одмор)<br>поранешна Аптека "КАРПОШ" | ИЛ бр. 75118<br>КО Карпош КП 2270 | Скопје, Карпош | ПР 71 $м^2$<br>ГЛ1 8 $м^2$<br>ГЛ2 8 $м^2$ | 79.578 | 4.894.000,00 | 71.600 | 4.403.400,00 |
| 18 | бул. АСНОМ 36 (Ново Лисиче)<br>поранешна Аптека "Ново Лисиче " | ИЛ бр. 40001<br>КО Кисела Вода 2 КП 927 | Скопје, Аеродром | ПР 25 $м^2$ | 19.998 | 1.229.900,00 | 16.000 | 984.000,00 |
| | ВКУПНО | | | | 2.519.420 | 154.944.200,00 | 2.166.400 | 133.233.600,00 |

**Движен имот:**

Движниот имот е опишан, прецизиран во проценката од овластен проценител, која е составен дел на овој план за реорганизација.

**Акции:**

Должникот ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје располага во сопственост со 57 обични акции во правниот субјект ГТЦ Скопје.
Номиналната вредност на една акција е 50 Евра.
Согласно правосилното решение за одборување на овој план и по неговото целосно исполнување, санаторот Зегин се стекнува со правото непречено да се запише како нов сопственик на овие акции во Централен депозитар за хартии од вредност.

**Прилог бр. 4:** Извод од сметка од 27.04.2011 година
од Централен депозитар за хартии од вредност.

## 4. Проценета вредност на имотот

Висината на вредноста на целокупниот недвижен и движен имот кој се пренесува на користење/располагање, а подоцна и во сопственост на санаторот Зегин е утврдена од страна на Друштвото за вештачење и процена СИНОПСИС ДООЕЛ Скопје преку овластен проценител Величе Николовска од Скопје, и истата е дадена во долната табела:

| | |
|---|---|
| **Подвижен имот** | 1.295.844, 00 денари |
| **Невижен имот (ликвидациона вредност)** | 133.233.600, 00 денари |
| **Вкупно** | 134.529.444,00 денари |

**Прилог бр. 5**: Извештај за Проценка на движен и недвижен имот- стечајна маса

## 5. Финансиски проекции

Санаторот Зегин ДОО Скопје ќе располага со деловните објекти во кои ќе ја извршува дејноста, и со тоа ќе бидат остварувани приходи во наредниот период.
Во овој дел мора да се земе во предвид фактот дека во овој момент на глобално ниво е настапена рецесија со јасни и неспорни тенеденции за глобална депресија, а што значи дека оваа крајно неповолна економска конјуктура и во РСМ ќе се влошува. Од тие причини било каква проекција на приходи и расходи би била „неверодостојна,, , бидејки во овој момент економските текови не само кај нас, туку и воопшто во светот, не се мерливи (не се податливи) поради нивна непредвидливост. Оваа неизвесност би можела да се рефлектира и на планот за реорганизација, но и покрај оваа „економска тежина,, санаторот сериозно се обврзува дека ќе го спроведе планот, така што ќе ги намири доверителите на начин и динамика предвидени со овој план, ќе ја продолжи дејноста на стечајниот должник, ќе ангажира вработени на стечајниот должник.

Проекцијата на приходи и расходи ќе се темели на реално остварениот промет во трите аптеки кои сега работат во објектите на стечајниот должник.

Подолу во табелата е даден приказ на реално остварениот промет во трите аптеки кои сега работат под закуп од доверителот –санатор во објектите на стечајниот должник, преку примена на концептот кој го нуди санаторот со предметниот план за реорганизација:

| Објект | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| АПТЕКА 1-ва МАЈ | 51.548.334,00 денари | 58.169.245,00 денари |
| АПТЕКА ЕГЕЈ | 47.001.395,00 денари | 47.417.471,00 денари |
| АПТЕКА Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 15.880.954,00 денари | 17.629.269,00 денари |

Подолу следи табела во која е даден прометот за изминативе две години за две продавници за здрава храна преку примена на концептот кој го нуди санаторот со предметниот план за реорганизација:

| Објект | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| Хелти Фуд Гевгелија | 9.388.786,00 денари | 9.274.660,00 денари |
| Хелти Фуд Ресен | 12.515..943,00 денари | 13.020.405,00 денари |

## 6. Намирување на побарувањата на доверителите

Доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје кој е и санатор по овој план, должен е финасиски да го поддржи спроведувањето на планот за реорганизација, и да овозможи негово целосно исполнување.

Согласно содржинскиот дел од планот за реорганизација, доверителот– санатор Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје има обврска да ги намири трошоците во постапката, трошоците на стечајниот управник во врска со вршењето на надзорот за спроведување на планот за реорганизација вклучувајќи ја и наградата на стечајниот управник во висина определена со решение од судот, како и да ги намири побарувањата на стечајните доверители во висина од 50 % од побарувањата утврдени со судско решение/пресуда во стечајната постапка.

**Прилог бр. 6:** Изјава од овластено лице на санаторот Зегин
за преземање обврски за исплата на побарувањата

### 6. 1. Редослед на намирување на побарувањата на доверителите

Редоследот на намирувањето на обврските согласно содржинскиот дел од планот за реорганизација е следен:

1. Трошоци за стечајната постапка;
2. Обврски на стечајна маса;
3. Стечајни доверители.

#### 6.1.1. Намирување на трошоците во стечајната постапка и побарувањата на доверителите на стечајна маса

Доколку трошоците на стечајната постапка и обврските на стечајната маса не се
во целост намирени, а не постојат услови истите во целост да бидат подмирени од
стечајниот должник со правосилноста на решението за одобрување на овој план,
доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО
Скопје како санатор по овој план за реорганизација е ДОЛЖЕН да ги намири:

- трошоците на стечајната постапка во висина од 100% доколку се утврдени со правосилна и извршна одлука во рок од 30 дена по правосилноста на решението за одобрување на планот.

- побарувањата на доверителите на стечајната маса кои настанале по отворање на стечајната постапка во рок од 30 дена по правосилноста на решението за одобрување на планот.

- наградата на стечајниот управник во висина определена со решение на стечајниот судија согласно законот за стечај и подзаконските акти во рок од 30 дена по правосилноста на решението за одобрување на планот.

**6.1.2.Намирување напобарувања на стечајните доверители од повисок исплатен ред**

Согласно член 117 од Законот за стечај во побарувања од повисок исплатен ред спаѓаат плати, придонеси од плата за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност и надоместоци за периодот од последните три месеци пред отворањето на стечајната постапка, обештетување за повредите при работа коишто работникот ги претрпел кај должникот, како и за професионални заболувања и неисплатени надоместоци на платите за времетраењето на неискористениот редовен годишен одмор за тековната календарска година.
Стечајната постапка над должникот ПЗУ Градска аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје е отворена на 18.10.2010 година со решение на Основниот суд Скопје 2 Скопје.
Согласно МПИН Декларации од УЈП неисплатени плати и придонеси од плати за последните три месеци пред отворање на стечај за м.10/2010, м.09/2010 и м.08/2010 за вкупно 43 поранешно вработени лица кај стечајниот должник се во вкупен износ од 3.044.651,00 денари.

По правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација утврденото побарување на доверителот УЈП РД Скопје по основ на плати и придонеси за последните три месеци пред отворање на стечајната постапка во висина од 3.044.651,00 денари како побарување од повисок исплатен ред, од санаторот Зегин ДОО Скопје да биде исплатено со грејс период од една година во 100% износ.

*( Напомена: Исплатата на овие побарувања од повисок исплатен ред со грејс период од една година во 100%, е предвидена согласно одлука од одборот на доверители на седница одржана 23.09.2020 година за разгледување и мислење по планот за реорганизација).*

**6.1.3. Намирување на побарувањата на стечајните доверители**

Доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје како санатор е ДОЛЖЕН по правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација да ги исплати побарувањата на стечајните доверители во висина од 50 % од утврдените побарувања за секој доверител во рок од 5 години со грејс период од две години, а потоа исплатата да ја изврши во рок од три години.

Намирувањето на стечајните доверители ќе биде извршено со следната динамика:
- Трета година - 30% од износот предвиден за исплата на побарувањето, освен на доверителот Зегин ДОО Скопје.
- Четврта година 30% од износот предвиден за исплата на побарувањето, освен на доверителот Зегин ДОО Скопје.
- Петта година - 40% од износот предвиден за исплата на побарувањето, освен на доверителот Зегин ДОО Скопје.

Се очекува исплатата на побарувањата на стечајните доверители да започне сметано од 01.07.2022 година па да заврши се до 30.06.2025 година.

Исплатата на стечајните доверители ќе се изврши во висина од 50 % од утврдените побарувања за секој доверител, согласно решението за утврдени и оспорени побарувања на Основниот суд Скопје 2 Скопје, како и последна корегирана Табела (шема) на утврдени и оспорени побарувања изготвена од стечајниот управник депонирана во стечајното досие на 05.02.2019 година.

**Прилог бр. 7:** Решение СТ.бр.427/10 од 11.03.2011 на Основен суд Скопје 2 Скопје за утврдени и оспорени побарувања.

**Прилог бр. 8:** Табела (шема) за утврдени и оспорени побарувања .

__Напомена:__ Санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје во оваа стечајна постапка се јавува и како доверител со признати-утврдени побарувања по неколку основи, и тоа по пријавени негови побарувања утврдени со судско решение, понатаму побарувања по основ на извршен откуп на побарувања од други доверители, а сето тоа во износи прикажани во Табелата-шема на утврдени и опорени побарувања изготвена од стечајниот управник.

При ваква состојба со оглед дека и како доверител со утврдени побарувања, и како санатор по овој план се јавува истиот правен субјект - Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје кој финансиски ќе го поддржи овој план и ќе обезбеди средства за исполнување на обврските према доверителите, нема потреба односно обврска за исплаќање на неговите утврдени побарувања во оваа стечајна постапка.

На долната **Табела за исплата на доверителите** се прикажани обврските на ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје кон стечајните доверители и распоредот со предвидена висина и динамика за нивно намирување-исплата во предвидените три (3) години за исполнување на овој план за реорганизација.

**Табела за исплата на доверителите со утврдени побарувања со предвидена висина и динамика на исплата**

| Ред. број | ДОВЕРИТЕЛ | Утврдено побарување | 50% од утврдено побарување | Прва рата Исплата 30% | Втора рата Исплата 30% | Трета рата Исплата 40% |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | КМ-Марјан ДООЕЛ Скопје | 182,515.00 | 91,257.50 | 27,377.25 | 27,377.25 | 36,503.00 |
| 2 | Омнихем - Фарм ДОО Скопје | 73,043.00 | 36,521.50 | 10,956.45 | 10,956.45 | 14,608.60 |
| 3 | АД Д-р Пановски Скопје | 3,923,511.00 | 1,961,755.50 | 588,526.65 | 588,526.65 | 784,702.20 |
| 4 | Вирго Компани ДООЕЛ во стечај Скопје | 1,125,891.00 | 562,945.50 | 168,883.65 | 168,883.65 | 225,178.20 |
| 5 | Атлантиц-Траде ДОО Скопје | 957,734.00 | 478,867.00 | 143,660.10 | 143,660.10 | 191,546.80 |
| 6 | Лек ДООЕЛ Скопје | 2,155,920.00 | 1,077,960.00 | 323,388.00 | 323,388.00 | 431,184.00 |
| 7 | Македонија Лек ДООЕЛ Скопје | 866,916.00 | 433,458.00 | 130,037.40 | 130,037.40 | 173,383.20 |
| 8 | Зегин ДОО Скопје | 135,907,770.00 | 67,953,885.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 9 | Фарма-Корп ДОО во стечај Скопје | 8,060,448.00 | 4,030,224.00 | 1,209,067.20 | 1,209,067.20 | 1,612,089.60 |
| 10 | Феникс Фарма ДОО Скопје | 5,435,576.00 | 2,717,788.00 | 815,336.40 | 815,336.40 | 1,087,115.20 |
| 11 | Еуро-Фарм ДООЕЛ Битола | 563,125.00 | 281,562.50 | 84,468.75 | 84,468.75 | 112,625.00 |
| 12 | Македонски Телеком АД Скопје | 784,484.00 | 392,242.00 | 117,672.60 | 117,672.60 | 156,896.80 |
| 13 | Промедика ДОО Скопје | 70,935,777.00 | 35,467,888.50 | 10,640,366.55 | 10,640,366.55 | 14,187,155.40 |
| 14 | РМ МФ УЈП РД Скопје | 5,737,840.00 | 2,868,920.00 | 860,676.00 | 860,676.00 | 1,147,568.00 |
| 15 | Плива АД ДООЕЛ Скопје | 3,012,213.00 | 1,506,106.50 | 451,831.95 | 451,831.95 | 602,442.60 |
| 16 | Европлек ДООЕЛ Скопје | 950,000.00 | 475,000.00 | 142,500.00 | 142,500.00 | 190,000.00 |
| 17 | Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје | 4,223,825.00 | 2,111,912.50 | 633,573.75 | 633,573.75 | 844,765.00 |
| 18 | Алкалоид АД Скопје | 11,064,766.00 | 5,532,383.00 | 1,659,714.90 | 1,659,714.90 | 2,212,953.20 |
| 19 | Конто ДОО Скопје | 507,813.00 | 253,906.50 | 76,171.95 | 76,171.95 | 101,562.60 |
| 20 | ЕВН Македонија АД Скопје | 2,025,109.00 | 1,012,554.50 | 303,766.35 | 303,766.35 | 405,021.80 |
| 21 | Општина Ѓорче Петров | 59,213.00 | 29,606.50 | 8,881.95 | 8,881.95 | 11,842.60 |
| 22 | Планинка Јовановска | 36,850.00 | 18,425.00 | 5,527.50 | 5,527.50 | 7,370.00 |
| 23 | Град Скопје | 151,958.00 | 75,979.00 | 22,793.70 | 22,793.70 | 30,391.60 |
| 24 | ЈЗУ Здравствен Дом Скопје | 12,876,010.00 | 6,438,005.00 | 1,931,401.50 | 1,931,401.50 | 2,575,202.00 |
| 25 | Градски Трговски Центар АД Скопје | 267,576.00 | 133,788.00 | 40,136.40 | 40,136.40 | 53,515.20 |
| 26 | Т-Мобиле АД Македонија Скопје | 177,860.00 | 88,930.00 | 26,679.00 | 26,679.00 | 35,572.00 |
| 27 | Адвокатска канцеларија Секулов Скопје | 175,921.00 | 87,960.50 | 26,388.15 | 26,388.15 | 35,184.20 |
| 28 | Фарма Треид ДООЕЛ Скопје | 804,660.00 | 402,330.00 | 120,699.00 | 120,699.00 | 160,932.00 |
| 29 | Душанка Делова | 20,124.00 | 10,062.00 | 3,018.60 | 3,018.60 | 4,024.80 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Кемо - Фарм ДООЕЛ Скопје | 5,053,504.00 | 2,526,752.00 | 758,025.60 | 758,025.60 | 1,010,700.80 |
| 31 | Топлификација АД во стечај Скопје | 1,855,624.00 | 927,812.00 | 278,343.60 | 278,343.60 | 371,124.80 |
| 32 | Снабдување Центар ДООЕЛ Скопје | 1,226,968.00 | 613,484.00 | 184,045.20 | 184,045.20 | 245,393.60 |
| 33 | Васка Муратовска | 14,715.00 | 7,357.50 | 2,207.25 | 2,207.25 | 2,943.00 |
| | ВКУПНО | 281,215,259.00 | 140,607,629.50 | 21,796,123.35 | 21,796,123.35 | 29,061,497.80 |

**Напомена:**

1. За доверителот Зегин ДОО Скопје не се врши исплата на побарувањето со оглед дека согласно содржинскиот дел од планот истиот доверител се јавува како санатор со финансиска поддршка за исполнување на обврските по овој план за реорганизација.

2. Кај доверителот РМ-МФ УЈП РД Скопје извршена е корекција, односно побарувањето е намалено за износ од 3.044.651,00 денари. Овој износ ги вклучува последните три плати со надоместоци (бруто плати) за поранешно вработените лица пред отворање на стечајната постапка и ќе биде исплатен во целост во првата година од исплатата на побарувањата согласно динамиката за исплата по овој план за реорганизација.

| Ред. број | ДОВЕРИТЕЛ СО ОСПОРЕНО ПОБАРУВАЊЕ | Пријавено побарување | 50% од пријавено побарување | Прва рата 30% | Втора рата 30% | Трета рата 40% |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | Фонд за здравствено осигурување (ФЗО) | 176,867,771.00 | 88,433,885.50 | 26,530,165.65 | 26,530,165.65 | 35,373,554.20 |

**Напомена:**

Доверителот Фондот за здравствено осигурување (ФЗО) ќе биде исплатен еднакво како и другите доверители, во зависност од исходот на судската постапка по оспорено побарување доколку истото биде утврдено со правосилна судска пресуда.

**6.1.4. Намирување на побарувањата на стечајните доверители кои ќе бидат дополнително утврдени со правосилна пресуда за утврдување на побарувањето**

Доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје како санатаор по овој план за реорганизација Е ДОЛЖЕН да ги намири сите други обврски спрема стечајните доверители чии побарувања биле оспорени, а кои дополнително ќе се стекнат со правосилна пресуда за утврдени побарувања во висина од 50 % од утврдените побарувања, на начин и со динамика предвидени како за исплата на побарувањата на останатите стечајни доверители .

**<u>Оспорено побарување ФЗО</u>**

Во период на изготвување на овој план за реорганизација во тек е судска постапка ТС-709/14 пред Основен граѓански суд Скопје по тужба од доверителот Фонд за здравствено осигурување на РСМ (ФЗО) против стечајниот должник ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје, за оспорено побарување во висина од 176.877.771,00 денари.

Доколку на доверителот ФЗО со правосилна судска пресуда му биде утврдено оспореното побарување, обврската за исплата на побарувањето према овој доверител ја презема доверителот-санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје.

Исплатата на горната обврска доверителот-санаторот ќе ја изврши од сопствени средства на начин, динамика и во висина предвидени со овој план за реорганизација како и за другите стечајни доверители со утврдени побарувања.

Согласно Законот за стечај, до донесување на правосилна судска одлука за оспореното побарување, со планот за реорганизација треба да се предвиди резервација на средства во корист на ФЗО, како доверител со оспорено побарување, во висина на процентот на намирување како и за другите доверители, или во апсолутна бројка износ од 88.438.886,00 денари (1.438.030,00 евра), што претставува 50% од висината на оспореното побарување.

За оспореното побарување на ФЗО во Имотните листови за недвижниот имот ќе бидат запишани прибелешки со забрана за оттуѓување како мерка за обезбедување и гаранција се до конечно правосилно завршување на судската постапка за предметното оспорено побарување и и исплата на побарувањето доколку биде утврдено.

**Прилог бр. 9:** Изјава од овластено лице санаторот за согласност за воспоставување прибелешка како гаранција за исплата на побарување.

По целосно исполнување на обврските по овој план, бришењето на прибелешките ќе биде извршена врз основа на писмен судски акт на стечајниот судија, по претходен писмен предлог од стечајниот управник.

Согласно чл.215 од Законот за стечај долунаведениот недвижен имот ќе биде заложен во корист на ФЗО како обезбедување за оспореното побарување кое е предмет на судскиот спор ТС-709/14 пред Основниот граѓански суд Скопје.

Согласно проценката на Друштвото за вештачење и процена СИНОПСИС ДООЕЛ Скопје, ликвидационата вредност на долуцитираниот недвижен имот изнесува 1.439.400,00 евра или 88.523.100,00 денари што е еднаква вредност со вредноста на обезбеденото побарување.

| Ред.бр. | адреса на имот/опис | КАТАСТ. ИНДИКАЦИИ | ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ | | ЛИКВИДАЦИОНА ВРЕДНОСТ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ЕУР | МКД | ЕУР | МКД |
| 1 | ул. 11 Октомври бр.125 (м.в. Рампа Кисела Вода)<br>поранешна Аптека "СОЛУН" | ИЛ бр. 47144<br>КО Центар 1<br>КП 13618 | 106.717 | 6.563.000,00 | 90.000 | 5.535.000,00 |
| 2 | бул. Партизански одреди бр.117 (нас. Тафталиџе 2)<br>поранешна Аптека "Партизанска" и Галенска лабораторија | ИЛ бр. 9645<br>КО Карпош<br>КП 1354 | 141,027 | 8.673.200,00 | 113.000 | 6.949.500,00 |
| 3 | бул. Климент Охридски бр. 63 а<br>поранешна Аптека "ИЛИНДЕН" | ИЛ бр. 101755<br>КО Центар 1<br>КП 11925 | 120.539 | 7.413.200,00 | 105.000 | 6.457.500,00 |
| 4 | ул. Битпазарска бр. 77<br>(Стара Чаршија)<br>поранешна Аптека "СКОПЈЕ" | ИЛ бр. 101755<br>КО Центар 1<br>КП 6407 | 196.501 | 12.084.700,00 | 177.000 | 10.885.500 |
| 5 | ул. Крсте Мисирков бр. 1<br>поранешна Аптека "13-ти Ноември" | ИЛ бр. 101755<br>КО Центар 1<br>КП 12163 | 78.129 | 4.805.000,00 | 58.600 | 3.603.900 |
| 6 | ул. Цветан Димов бб<br>поранешна Аптека "ЧАИР" | ИЛ 101755<br>КО Центар 1<br>КП 1161 | 16.203 | 996.500,00 | 13.000 | 799.500 |
| 7 | ул. Македонија бр. 16<br>поранешна Аптека "11-ти Октомври" | ИЛ 101755<br>КО Центар 1<br>КП 12057 | 213.923 | 13.156.300,00 | 180.000 | 11.070.000 |
| 8 | ул. Моша Пијаде бб<br>(Градска Болница)<br>поранешна Аптека "1-ви МАЈ" | ИЛ 101755<br>КО Центар 1<br>КП 13328 | 181.707 | 11.175.000,00 | 164.000 | 10.086.000 |

| Ред.бр | адреса на имот/опис | КАТАСТАРСКИ ИНДИКАЦИИ | ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ | | ЛИКВИДАЦИОНА ВРЕДНОСТ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ЕУР | МКД | ЕУР | МКД |
| 9 | бул. Свети Климент Охридски бр. 23<br>поранешна Аптека "Св. Климент Охридски" | ИЛ 101755<br>КО Центар 1<br>КП 10070 | 50.489 | 3.105.100,00 | 44.000 | 2.706.000,00 |
| 10 | бул. К.Ј. ПИТУ бр. 17 (ТЦ Скопјанка)<br>поранешна Аптека "ВАРДАР" | ИЛ бр. 105709<br>КО Кисела Вода 2<br>КП 315/6 | 73.797 | 4.538.500,00 | 55.000 | 3.382.500,00 |
| 11 | Петровец м.в. Бавчи<br>поранешна Аптека "ПЕТРОВЕЦ" | ИЛ бр. 6574<br>КО Петровец<br>КП 270/2 | 5.942 | 365.400,00 | 4.800 | 295.200,00 |
| 12 | ул. Димитрие Чуповски 56<br>поранешна Аптека "ДРАЧЕВО" | ИЛ бр. 69193<br>КО Драчево 1<br>КП 8438 | 106.131 | 6.527.000,00 | 94.500 | 5.811.750,00 |
| 13 | ул. Ѓорче Петров 56<br>поранешна Аптека "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" | ИЛ бр. 95566<br>КО Ѓорче Петров 6<br>КП 6201/1 | 120.574 | 7.415.300,00 | 107.300 | 6.598.950,00 |
| 14 | ул. Јани Лукровски 2<br>(населба Автокоманда)<br>поранешна Аптека "ЕГЕЈ" | ИЛ бр. 45094<br>КО Гази Баба<br>КП 1067 | 161.802 | 9.950.800,00 | 145.600 | 8.954.400,00 |
| 15 | бул. Партизански одреди 59 (м.в. Мал одмор)<br>поранешна Аптека "КАРПОШ" | ИЛ бр. 75118<br>КО Карпош<br>КП 2270 | 79.576 | 4.894.000,00 | 71.600 | 4.403.400,00 |
| 16 | бул. АСНОМ 36<br>(Ново Лисиче)<br>поранешна Аптека "Ново Лисиче " | ИЛ бр. 40001<br>КО Кисела Вода 2<br>КП 927 | 19.998 | 1.229.900,00 | 16.000 | 984.000,00 |
| | ВКУПНО | | 1.673.057 | 102.892.900 | 1.439.400 | 88.523.100 |

**6.1.5. Намирување на побарувањата на стечајните доверители од понизок исплатен ред**

Доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје како санатаор по овој план за реорганизација НЕ Е ДОЛЖЕН да ги намири побарувањата на доверителите од понизок испатен ред, бидејќи не постојат услови за тоа.

**7. Ангажирање работници**

Согласно Финансиско - Инвестиционата програма, заради организирање на дејноста во објектите на стечајниот должник, доверителот/санатор Зегин се обврзува да ангажира / вработи најмалку 100 лица, при што приоритет во вработувањето ќе се даде на работниот персонал на стечајниот должник.

Согласно програмата од санаторот, во основа кога во сите погоре наведени објекти ќе биде организирана дејност, бројот на ангажирани лица би бил најмалку од 130 – 150 вработени лица, но од причини на зголемена внимателност поради новонастанатата економска рецесија заради вирусот Ковид 19, санаторот сепак се обврзува дека ќе вработи најмалку 100 работници.

Доверителот/санаторот има потреба од ангажирање/вработување лица со следните квалификации:

- 9 дипломирани фармацевти,
- 6 микробиолози,
- 6 комерцијалисти (дипл. економист),
- 3 сметководители (дипл. економист),
- 3 оперативици (дипл. економист),
- 2 правника (дипл. правник),
- 15 фармацевтски техничари,
- 40 продавачи (средно стручна спрема/високо образование), и
- 20 хигиеничари.

Вработувањата ќе се реализират во период од две до три години, а доколку од страна на поранешно вработените лица кај стечајниот должник нема интерес, тогаш доверителот/санаторот е слободен да вработи лица по свој избор.

## ***Г/. ПОДНЕСУВАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА***

По изготвување на Планот за реорганизација, стечајниот управник ќе го достави Планот за реорганизација со сите свои прилози до стечајниот судија.

Стечајниот судија по добивањето на планот за реорганизација го доставува до одборот на доверители и до претставниците на вработените да се изјаснат во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

Планот за реорганизација заедно со сите свои прилози и заедно со сите примени мислења, ќе биде депониран во судот за увид на учесниците.

## Д/. ПРИФАЌАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

### 1. Прифаќање на Планот за реорганизација

Стечајниот судија ќе свика Собрание на доверители за расправа и за гласање по предложениот План за реорганизација.

Согласно член 232 од Законот за стечај, Планот за реорганизација е усвоен ако биде прифатен со просто мнозинство од вкупниот износ на побарувањата на доверителите присутни на собранието.

Со оглед на тоа што во стечајната постапка не се пријавија и не се евидентирани доверители со обезбедени побарувања, гласањето по планот ќе се изврши во една група на стечајни доверители.

### 2. Одобрување на Планот за реорганизација

Согласно член 235 од Законот за стечај, по прифаќањето на планот за реорганизација од страна на доверителите, односно по добивањето на согласност од страна на должникот, предложениот план за реорганизација го одобрува стечајниот судија.

Решението со кое се одобрува планот за реорганизација го содржи содржинскиот (спроведбениот) дел од планот што доверителите го прифатиле.

### 3. Почеток на примена на Планот за реорганизација

Планот за реорганизација ќе отпочне да се применува сметано од денот на правосилноста на решението за одобрување на Планот за реорганизација донесено од страна на стечајниот судија.

## Ѓ/. ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ОДОБРЕНИОТ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

Правосилното судско решение со кое се одобрува планот за реорганизација согласно Законот за стечај претставува извршна исправа.

По правосилноста на судското решение за одобрување на предложениот план за реорганизација, согласно член 239 од Законот за стечај одредбите од содржинскиот дел на планот стануваат обврзувачки за сите учесници.

Со исплатата на обврските према доверителите на начин и постапка предвидени со овој план за реорганизација, се смета дека доверителите се намирени во целост за нивните утврдени побарувања према стечајниот должник како главен долг и споредни побарувања, по решенијата за утврдени и дополнително прифатени побарувања, и правосилни пресуди за утврдени побарувања по стечајниот предмет СТ.бр.427/10 при Основен суд Скопје 2 Скопје.

Со исплатата на доверителите и другите обврски уврдени со овој план, санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје нема повеќе никакви обврски кои дополнително би се јавиле од работењето на стечајниот должник ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје.

На стечајниот управник му следува награда пресметана на начин и во висина согласно Правилникот за награда и надоместок на реално потребните трошоци на стечајниот управник, и начинот на утврдување на нивната висина (Службен весник на РМ бр. 119 од 17.11.2006 година).

Наградата на стечајниот управник се одобрува со решение од стечајниот судија со својство на извршна исправа.

Обврска за исплата на наградата на стечајниот управник има санатарот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје во рок од 30 дена по правосилноста на решението за одобрување на овој План за реорганизација.

## *Е/. ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА*

По правосилноста на решението со кое стечајниот судија го одобрил планот за реорганизација, стечајниот судија ќе донесе посебно решение за заклучување на стечајната постапка.

Пред заклучувањето на стечајната постапка, стечајниот управник ќе ги намири побарувањата на доверителите на стечајната маса (трошоци и обврски) на начин и рок како што е предвидено со овој план.

## *Ж/. НАДЗОР И КОНТРОЛА ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНОТ*

### 1. Надзор над спроведување на планот за реорганизација

По заклучување на стечајната постапка, а со цел заштита на интересите на доверителите опфатени со овој план за реорганизација, во периодот на целосна реализација на овој план, се определува надзор врз спроведување на планот за реорганизација.

Основната цел на надзорот е што со надзорот се создаваат услови стечајните доверители да имаат увид во она што го презема санаторот Зегин при спроведувањето на планот за реорганизација преку:

- следење на благовремено намирување на доверителите на начин и висина предвидени со овој план;
- да се оневозможи отстапување од предвидената динамика на намирување;
- да се оневозможи намалување на вредноста на имотот;
- да се следи успешното спроведување на овој план во сите сегменти;
- во целост да се запазат и заштитат интересите на доверителите опфатени со овој план;
- благовремено да се открие и да се извести судот за секој настан, промена или отстапување кои може негативно да се одразат на готовинските текови (cash flow).

### 2. Начин на вршење надзор над спроведување на Планот за реорганизација

Надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација по заклучувањето на стечајната постапка особено во неговиот содржински (спроведбен) дел ќе му биде доверен на стечајниот управник Ацо Петров од Скопје.

За таа цел и натаму ќе постојат овластувањата и обврските на стечајниот управник согласно одредбите од Законот за стечај.

Додека трае надзорот врз спроведувањето на планот, најмалку еднаш годишно стечајниот управник ќе поднесува извештај до одборот на доверители и до стечајниот судија за спроведувањето и за натамошните очекувања од спроведувањето на планот.

Стечајниот судија и одборот на доверители имаат право во секое време од стечајниот управник да побараат посебни информации или други периодични извештаи во врска со спроведувањето на планот.

При вршењето на надзорот над спроведување на планот, санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје е должен да му дозволи /овозможи на стечајниот управник да влезе во деловните простории предмет на користење опфатени со овој план, како и да му ги достави сите потребни писмени документи во врска со надзорот.

За вршењето на надзор и контрола за целосно спроведување на планот за реорганизација се определува награда на стечајниот управник во висина од 30.000,00 денари месечно во нето износ плус персонален данок и ДДВ, како и материјални трошоци на стечајниот управник согласно приложени докази во писмена форма.

Наградата и трошоците за надзорот врз спроведувањето на Планот за реорганизација ќе ги сноси санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје на кое ќе му се препушти должниковиот деловен потфат.

**2.1. Известување на органите на доверителите за спроведување на Планот за реорганизација**

Кога стечајниот управник ќе утврди дека побарувањата врз чие намирување врши надзор не се намирени или не можат да бидат намирени, тој без одлагање ќе ги извести одборот на доверители и стечајниот судија за тоа

**3. Времетраење на надзорот**

Надзорот над спроведување на планот за реорганизација престанува по пет години сметано од денот на заклучувањето на стечајната постапка над стечајниот должник заради негово целосно исполнување.

Надзорот над спроведување на планот за реорганизација може да престане и пред истекот на овој рок доколку санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје ги исполни сите обврски предвидени со содржинскиот (спроведбениот) дел од Планот за реорганизација.

Стечајниот судија ќе донесе посебно решение со кое ќе го укине надзорот врз спроведувањето на планот доколку за тоа ќе бидат исполнети условите предвидени во член 252 од Законот за стечај.

***3/. ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ПОРАДИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА***

Доколку во текот на надзорот се утврди дека санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје не ги исполнува обврските преземени со содржинскиот дел од планот за реорганизација во роковите предвидени во содржинскиот дел од планот за реорганизација, било кој стечаен доверител, односно

стечајниот управник може да поднесе барање за повторно отворање на стечајната постапка над должникот ПЗУ Градска Аптека СКОПЈЕ во стечај Скопје.

Барањето се поднесува до стечајниот судија, а во него мора да се образложат причините за повторно отворање на стечајна постапка.

Стечајниот судија носи решение за отворање на стечајната постапка без спроведување на претходна постапка.

Доколку се отвори стечајна постапка над должникот поради неисполнување на планот за реорганизација, стечајната постапка продолжува со вnаричување на имотот на должникот согласно правилата предвидени со Законот за стечај.

**<u>ЗАКЛУЧОК</u>**

Со овој план за реорганизација и финансиска консолидација се дава можност за стабилен финансиски развој и економски раст пошироко, што е поткрепено со следната фактичка состојба:

- Со исплаќањето на побарувањата и намирувањето на доверителите за нивните утврдени побарувања во висина и начин предвидени со овој план, санаторот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје кое ќе го преземе деловниот потфат од стечајниот должник, ќе тргне во развој од позитивна состојба, а планираните инвестиции ќе ја создадат потребната основа за повторно ставање во функција на деловните објекти на должникот и отворање нови дејности заради целосно искористување на капацитетите, обезбедување доволно приходи и релативно сигурна иднина. Со воведување на нов, квалитетен начин на работење со постоечкиот менаџерски тим со кој располага санаторот, изгледите за рентабилно работење со деловните капацитети стануваат реалност и гарантиран развој.
- Немање обврски кон доверителите на почетокот на рестартирањето на деловните капацитети на стечајниот должник.
- Зголемување на инвестициони вложувања во значителен обем во РСМ.
- Видно од финансиско инвестиционата програма од предлагачот-иницијатор за овој план и воедно како што е предвидено со овој план ставањето во функција на капацитетите надолжникот, претставува битен сегмент за стопанството на територијата на град Скопје, и пошироко за РСМ.
- Овозможување на ангажирање/вработување на значителен број лица за коишто освен исплата на плата редовно ќе се исплаќаат и придонеси за пензиско и здравствено осигурување.
- Овозможување на обрт на значителни парични средства преку секојдневниот промет на трговска стока, а со тоа и создавање на услови за плаќање на даноци како редовни приливи во буџетите на град Скопје и РСМ.
- Нови менаџерски пристапи кон начинот на работење во иднина.
- За вршење на понатамошните планирани потфати санаторот Зегин има можности за реализација, имајќи особено предвид фактот што истиот како субјект преку соработка со други деловни партнери за ставање во функција на деловните капацитети на должникот, може да оствари како обртен капитал значителни парични средства.
- Со воведување на нов, квалитетен начин на раководење и управување од менаџерски тим, и промена во филозофијата на менаџирање изгледите за рентабилен опстанок во работењето на пазарот се реалност и можност за гарантиран развој.
- Иако се потребни значителни средства за реновирање на постојните објекти, сепак тие претставуваат значајно средство за генерирање приходи, особено поради фактот што истите не се под хипотекарни обврски.

- За вршење на понатамошните потфати, доверителот – иницијатор за донесување на овој план како санатор Зегин со овој план има веќе разработено проекции за нови дејности и воспоставување набавна и продажна мрежа во трговијата.
- Освен тоа, имотот што ќе биде на располагање а подоцна и пренесен во сопственост на санаторот на овој план, ќе биде и доволна гаранција пред комерцијалните банки за обезбедување на потребните обртни средства за редовно и профитабилно работење.

Изготвувањето на овој план за реорганизација се базира на податоци превземени како напатствија и смерници од Предлог иницијативата на доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет Зегин ДОО Скопје за промена на одлуката во оваа стечајна постапка од ликвидација во реорганизација, понатаму на Финансиско инвестиционата програма доставена од истиот доверител Зегин кој се јавува како санатор за спроведување на овој план за реорганизација.

Од сето горе изнесено и другите показатели во Финансиско инвестиционата програма, може да се заклучи дека постои реална основа и големи можности со понатамошното работење во периодот што претстои да се остварат целите предвидени со овој План за реорганизација.

**15 Октомври 2020 година**
**С к о п ј е**

**Стечаен Управник**
**Ацо Петров**